РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - АРХЕОЛОШКИ МУЗЕЈ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ
INSTITUCIONI NACIONAL - MUZEU ARKEOLOGJIK
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - SHKUP
Бр.-Nr. 04-975/2
20.11 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје**
Кеј Димитар Влахов бб – Скопје
тел. ++389 2 3233999:
e-mail: contact@amm.org.mk

Врз основа член 48 од Законот за административни службеници (Службен весник на Република Македонија бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016 и 11 /2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/19,14/20,215/21,99/22 и 208/24 ), а во согласност со Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас (Службен весник на Република Северна Македонија бр.259/24), како и добиеното Известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии бр.19-9091/2 од 05.08.2025 година, НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје го објавува следниот:

ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 4/25
за унапредување на 1 (еден) административен службеник за следното работно место:

1. **Советник за човечки ресурси**– (1) еден извршител, шифра КУЛ 01 02 В01 010, во одделение за административни општи и правни работи и човечки ресурси, сектор за административни општи и правни работи.

**Општи услови:**

- да е државјанин на Република Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место;
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност;

**Посебни услови:**

-ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, Правни науки;
-најмалку три години работно искуство во струката

**Општи работни компетенции:**

- Решавање на проблеми и одлучување на работи во својот делокруг;
- Учење и развој;
- Комуникација;

- Остварување на резултати;
- Работење со други/тимска работа;
- Стратешка свест;
- Ориентираност кон странките/засегнати страни;
- Раководење и
- Финансиско управување

**Посебни работни компетенции:**

- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски);
- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

**Распоред на работно време:**
Работни денови- Понеделик-Петок;
Работни часови-неделно: 40;
Работно време од 08:00 до 16:00 часот.

Паричен нето износ на плата:50.877 денари

На интерниот оглас може да се јават административни службеници, вработени во НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија Скопје, кои ги исполнуваат горенаведените општи и посебни услови и работни компетенции за пополнување на работното место пропишани за соодветно ниво во Законот за административни службеници и во актот за систематизација на работни места, како и:

- да е оценет со оцена "А" или "Б" при последното оценување;
- да е на работно место на непосредно пониско пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- да поминал најмалку две години на исто ниво и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Право на учество на интерниот оглас имаат сите административни службеници вработени во НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија Скопје кои ги исполнуваат горенаведените општи и посебни услови и работни компетенции.

Кандидатите пријавата со потребните документи треба да ја достават во рок од пет дена сметано од денот на објавување на огласот на веб страната на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија Скопје и на Агенција за администрација.

Заинтересираните кандидати за работното место потребно е да ги достават следните документи:

- Пополнета пријава за унапредување;

- Уверение за државјанство
- Уверение за општа здравствена способност
- Уверение дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност;
- Доказ за завршено образование
- Доказ за работно искуство во струката
- Доказ за познавање на програми за канцелариско работење
- Доказ за активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски);

Кон пријавата кандидатите можат да ги приложат и следните докази:

- потврда за успешно реализирани обуки
- потврда за успешно реализирано менторство

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 (пет) дена, од денот на објавување на огласот.

Кандидатите, пријавата со потребната документација и доказите за податоци содржани во пријавата, да ја достават преку архивата на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија Скопје, со назнака за интерен оглас број 4/2025.
Ненавремена, нецелосна и неуредно пололнета прија, нема да биде предмет на разгледување.

**НУ Археолошки музеј на**
**Република Северна Македонија-Скопје**
**В.Д Директор**
**Магдалена Манаскова**

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа Археолошки музеј на Република Северна Македонија
Institucioni Nacional Muzeu Arkeologjik i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Скопје-Shkup